ОКСЗД

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

COMMISSION ON PREVENTION AND PROTECTION AGAINST DISCRIMINATION

ПРИМЕНО - E PRANUAR
Со / Nё ______ прилози / ekzemplarë
14-09-2021
ОСНОВЕН ГРАЃАНСКИ СУД СКОПЈЕ
GJYKATA THEMELORE CIVILE SHKUP

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Бр. 0801-252/2
13.09.2021
СКОПЈЕ

Архивски знак: / Shenja arkivore:
Рок на чување: / Afati i ruajtjes:
__ год. __ 20__ година / viti
Потпис / Nënshkrimi

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК
EGZEMPLARI ARKIVOR

**Врска**
**28 П4-962/20**

**До**
**Основен граѓански суд Скопје**
**Скопје**

**Од**
**Комисија за спречување и заштита од дискриминација**
**ул.Даме Груев бр.1**
**Скопје**

**БАРАЊЕ ЗА ЗАМЕШУВАЊЕ ВО ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОВРЕДА НА ПРАВА**

На 01.09.2021 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставено барање од Коалицијата сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници МАРГИНИ за вклучување во судска постапка како замешувач од страна на тужителот.

Во барањето барателот ја извести Комисијата дека преку полномошник Адвокат Наташа Бошкова има поднесено тужба за заштита од дискриминација до Основниот граѓански суд Скопје, по која е оформен предмет 28 П4-962/20. Тужбата е поднесена против Универзитетот Св. Кирил и Методиј - Филозофски факултет Скопје, Благоја Јанаков, Елена Ачковска - Лешковска и Емилија Стоименова – Цаневска за пишување и одобрување во програма употреба на учебник со содржина што ги вознемирува луѓето врз основа на род, сексуална ориентација и родов идентитет.

Согласно тврдењата од тужбата, првотужениот, врз основа на рецензијата на ракописот Основи на персонологија 2 од авторот, второтужениот, Благоја Јанаков и извештајот од рецензентите, трето и четвртотужена, објавени во Билтен на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје бр. 1168 од 02.05.2018, овозможил издавање на учебникот Основи на персонологија 2 и употреба во предметната програма на студиската програма по Психологија на Институтот за психологија на прв и втор циклус на студии.

Со оглед на тоа дека со цитираната тужба се адресира потенцијален проблем кој опфаќа поголема категорија на луѓе и дека спорниот учебник е подолг временски период во употреба, а имајќи ја предвид законската надлежност на Комисијата да се јавува како замешувач во судски постапки, пропишана во член 21, став 1, алинеа 18, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го доставува ова барање за вклучување во постапката како замешувач од страната на тужителот.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека учебникот "Основни на персонологијата 2" изобилува со вознемирувачки содржини што ги вознемируваат луѓето врз основа на род, сексуална ориентација и родов идентитет и создава заканувачка, непријателска и понижувачка средина врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет. Ваквите содржини претставуваат вознемирување во смисла на чл. 10 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во кој се дефинира вознемирувањето како форма на дискриминација. *Вознемирувањето претставува несакано постапување кон лице или група лица врз дискриминаторски основи што има за цел или последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика. Сексуално вознемирување е каков било облик на несакано вербално, невербално или физичко постапување од сексуална природа, што има цел или*

*последица, повреда на достоинството или создавање на заканувачка, непријателска, понижувачка или застрашувачка средина, пристап или практика.*

Несаканото однесување е клучен елемент на вознемирувањето и тоа може да вклучува физичко, вербално и невербално вознемирување. Вербалното вознемирување може да заземе различни форми, од пцуење, заканување, повторување на зборовите на навредлив начин, потсмевање, кажување на вицеви на нечија сметка, навредување. Меѓу другото, вознемирувањето може да се изврши со пишан текст, како што е случај со учебникот предмет на овој спор. Вториот елемент на вознемирувањето е дискриминаторската основа, кој елемент е споменат во членот 10 во ЗСЗД, каде се вели дека вознемирувањето „произлегува од дискриминаторска основа". Според овој елемент, значи дека одреден поединец се вознемирува поради припаѓањето на некоја група по некоја дискриминаторска основа. Така, познати се форми на сексуално вознемирување (кое може да го изврши и лице од ист пол), расно вознемирување, верско вознемирување, вознемирување поради возраста, попреченоста, сексуалнатата ориентација, родовиот идентитет и слично. Третиот елемент на вознемирувањето кој исто така е споменат во членот 10 на ЗСЗД е дека таквото несакано однесување спрема одредено лице има за цел или последица повреда на достоинството или создавање на непријателска, заканувачка, деградирачка или понижувачка средина. Според овие обележја на вознемирувањето, слично како кај дискриминацијата, и кај вознемирувањето не е потребно да постои намера за вознемирување. Исто така, за постоење на вознемирување не е потребно постоење на компаратор. Ова е резултат на фактот дека вознемирувањето е погрешно самото по себе поради формата во која се манифестира (вербално, невербално или физичко) и поради потенцијалниот ефект што го има врз достоинството на луѓето.

Дополнително вознемирувачките содржини во учебникот се косат со начелото на почитување на човековите права и слободи и гарантирање на принципот на еднаквост и заштита од дискриминација, пропишано во член 3, став 2, алинеја 5 од Законот за високо образование. Ваквите содржини се во спротивност и целите на високото образование. Имено во член 4, став 2, алинеја 7 од Законот за високо образование, се пропишува дека целите на високото образование се остваруваат и преку почитување на човековите права и слободи и гарантирање на принципот на еднаквост и недискриминација.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација својот правен интерес за замешување во судската постапка го црпи и од законската надлежност за придонес при изготвување и примена на програми и материјали од областа на формалното и неформалното образование, пропишана во член 21, став 1, алинеа 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Правниот интерес на Комисијата произлегува и од фактот што од денот на формирањето на Комисијата, 25.01.2021 година, до денот на изготвувањето на ова барање пред Комисијата се иницирани 12 постапки за дискриминација во областа на образованието. Воедно Комисијата во истиот овој период утврди дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет во 3 случаи.

Дополнително, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација својот правен интерес за замешување во судската постапка го црпи и од неконзистентноста во мислењата и практиката на претходната Комисија за заштита од дискриминација за содржината на учебниците, нотирана во извештајот од петтиот известувачки циклус на Европската комисија против расизам и нетолеранција (ЕКРИ) за Р.С. Македонија. Во точка 99 од цитираниот извештај ЕКРИ констатира дека *дискриминаторски содржини во учебниците и недостаток на институционални реакции за овој проблем се забележани веќе некое време. Комисијата за заштита од дискриминација во минатото разгледа неколку жалби во врска со учебниците. Меѓутоа, невладините организации известуваат дека одлуките на Комисијата за ова прашање се неконзистентни: во еден случај таа утврди дискриминација, а потоа*

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Tel: +389 23232368 ; +389 23216892
www.kszd.mk contact@kszd.mk

*учебниците се сменија, додека во други не најде слични текстови како дискриминаторски. Во учебниците за кои Комисијата утврди дека се дискриминаторски, деловите што се однесуваат на сексуалната ориентација беа целосно избришани, наместо да се ревидираат со цел да се промовира толеранција спрема ЛГБТ лицата.*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација не е правен наследник на Комисијата за заштита од дискриминација, па следствено на тоа практиката не може да биде наследник ниту на практиката на Комисијата за заштита од дискриминација. Комисијата за спречување и заштита од дискриминација како прва професионално и независно тело за превенција и заштита од дискриминација, смета дека треба да има воедначена и конзистентна пракса во однос на содржината на учебниците, vis a vis почитувањето на правото на еднаквост и превенција и заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет, како и секоја друга дискриминаторска основа.

Во овој поднесок Комисијата за спречување и заштита од дискриминација како независно и професионално тело за еднаквост ќе даде преглед на релевантниите меѓународни договори и препораките на договорните тела на ООН (комитети) и Советот на Европа во однос на превенција ии заштита од дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет.

Во точка 33 од заклучните согледувања на шестиот периодичен извештај за Р.С. Македонија кон Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (CEDAW/c/mkd/c/6) од 14.11.2018, која се однесува на областа образование, Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените утврдува дека *постојаните дискриминаторски родови стереотипи во образовниот систем и недоволното сексуално образование што ги опфаќа општествените односи на половите и влијанието на патријархалните ставови и дискриминаторските стереотипи врз сексуалните односи.* Воедно Комитетот во точка 34 од заклучните согледувања и препорачува на државата да осигура дека *професорите ќе одиграат клучна улога во борбата против родовите стереотипи.*

Во точка 26 од заклучните согледувања на комбинираниот втор, трет и четврт периодичен извештај за Р.С. Македонија кон Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права (E/C.12/MKD/CO/2-4) од 15.06.2016, Комитетот за економски, социјални и културни права, меѓу другото и препорачува на државата *да ги искорени негативните стереотипи за стигматизирање на лезбејките, хомосексуалците, бисексуалците, трансродовите и интерсексуалните лица, вклучително и со ревизија на учебниците и спроведување кампањи за подигање на свеста за јавноста.* Воедно, Комитетот во точка 50 од заклучните согледувања и препорачува на државата *да го подобри училишното образование за сексуално и репродуктивно здравје кое е ажурирано, соодветно на возраста и засновано на перспектива за човекови права.*

Во точка 7 од заклуните согледувања на третиот периодичен извештај за Р.С. Македонија кон Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (CCPR/C/MKD/CO/3) од 17.05.2015, Комитетот за човековите права, меѓу другото и препорачува на *државата да ги интензивира напорите за борба против стереотипите и предрасудите против лезбејките, хомосексуалците, бисексуалците, трансродовите и интерсексуалните лица.*

Во Препораката CM/Rec (2010)5 на Комитетот на министри на Советот на Европа за мерки за борба против дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација или родов идентитет, Советот на Европа им препорачува на земјите членки *да обезбедат усвојување и ефикасно спроведување на законодавни и други мерки за борба против дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација или родов идентитет, за да се обезбеди почитување на човековите права на лезбејките, хомосексуалците, бисексуалците и трансродовите лица и да се промовира толеранција кон нив.* Во точката 10 од цитираната препорака, која се однесува на говор на омраза, Советот на Европа им

препорачува на државите *членки да преземат соодветни мерки за борба против сите форми на изразување, што може разумно да се разбере дека може да предизвика ефект на поттикнување, ширење или промовирање омраза или други форми на дискриминација против лезбејките, хомосексуалците, бисексуалци и трансродови лица. Таквиот „говор на омраза" треба да се забрани и јавно да се отфрли секогаш кога ќе се појави.* Дополнително, во точките 31 и 32 од цитираната препорака Советот на Европа им препорачува на земјите членки *да преземат соодветни законски и други мерки, упатени до образовниот кадар и учениците, за да обезбедат дека правото на образование може ефективно да се ужива без дискриминација врз основа на сексуална ориентација или пол идентитет. Ова вклучува, особено, заштита на правото на децата и младите за образование во безбедна средина, ослободена од насилство, малтретирање, социјална исклученост или други форми на дискриминаторски и понижувачки третман поврзани со сексуалната ориентација или родовиот идентитет. Државите членки треба да преземат соодветни мерки на сите нивоа за да се промовира меѓусебна толеранција и почитување во училиштата, без оглед на сексуалната ориентација или родовиот идентитет. Ова треба да вклучува обезбедување објективни информации во однос на сексуалната ориентација и родовиот идентитет, на пример во наставните планови и образовни материјали, и обезбедување на потребните информации, заштита и поддршка за учениците и учениците за да им се овозможи да живеат во согласност со нивната сексуална ориентација и пол идентитет.*

Скопје
13.09.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска